Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино има уплатено основна главнина во износ од 2.500.000,00 евра, видно од решението бр.35020230021258 од 18.9.2023 година и тековната состојба на друштвото од 18.9.2023 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Доколку приредувачот на игрите на среќа не ја одржува висината на основната главнина, согласно член 13 став (1) точка 12) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 12 и 13 од диспозитивот на оваа лиценца.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност, видно од потврдите издадени од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/4923-4, бр.0808-12/4923-5, бр.0808-50/150120230027268 и бр.0808-50/150120230027269 од 18.10.2023 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Со доставената информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-28/544 од 18.10.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна

Duke vepruar sipas kërkesës së parashtruar dhe në bazë të dokumenteve të dorëzuara, Ministria e Financave ka konstatuar gjendjen faktike si në vijim:

Parashtruesi i kërkesës është shoqëri tregtare me seli në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe në ditën e parashtrimit të kërkesës për lëshimin e licencës për organizimin e lojërave të fatit në kazino, ka paguar kryegjënë themelore në vlerë prej 2.500.000,00 euro, siç theksohet nga aktvendimi nr.35020230021258 datë 18.09.2023 dhe gjendjes aktuale të shoqërisë datë 18.09.2023, të lëshuara nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut. Nëse organizatori i lojërave të fatit nuk e ruan lartësinë e kryegjësë themelore, në përputhje me nenin 13 paragrafi (1) pika 12) të Ligjit të Lojërave të Fatit dhe Lojërave Argëtuese, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut do t'ia heqë licencën, për këtë arsye u vendos si në pikat 12 dhe 13 të dispozitivit të kësaj licence.

Parashtruesit nuk i është shqiptuar dënim dytësor - ndalesë për marrjen e licencës për organizimin e lojërave të fatit, nuk i është shqiptuar dënim dytësor – heqje të licencës, për organizimin e lojërave të fatit, nuk i është shqiptuar dënim dytësor - ndalim i përkohshëm për ushtrimin e veprimtarisë së caktuar dhe nuk i është shqiptuar dënim dytësor - ndalim i përhershëm për ushtrimin e veprimtarisë së caktuar, siç theksohet nga vërtetimet e lëshuara nga Regjistri i Dënimeve për Veprat Penale të Personave Juridikë nr.0808-12/4923-4, nr.0808-12/4923-5, nr.080850/150120230027268 dhe nr.0808-50/150120230027269 më datë 18.10.2023, të lëshuara nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Me informacionin e dorëzuar për gjendjen ekonomike dhe financiare të subjektit nr.0905-28/544, më datë 18.10.2023, e lëshuar nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut,

Македонија, врз основа на податоците искажани во годишната сметка за 2022 година и споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и деловна успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Од доставените програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам бр.6-0206-2 од 27.10.2023 година и документ за ризик бр.6-0206-3 од 07.11.2023 година донесени од Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК" ДОО Скопје се утврди дека друштвото има пропишано мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и има направено проценка на ризиците.

Од доставените потврда бр.05-057399/23-0002 од 25.10.2023 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија и уверението за платени даноци и придонеси бр.27-57/5801/2 од 18.10.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје се утврди дека друштвото ги има платено јавните давачки, придонеси и царински давачки до месецот во кој е поднесено барањето за издавање на лиценца.

Од доставените записник бр.2718/01230-1227 и решение бр.2718/01230-1227/2 од 09.10.2023 година издадени од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, се утврди дека деловната просторија која се наоѓа во Подружница Луксор казино на ул.„4" бр.1 Блаце-Чучер Сандево ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа во казино, видно од податоци за учесникот во платен промет (тековна состојба) од 27.10.2023 година

bazuar në të dhënat e pasqyruara në llogarinë vjetore për vitin 2022 dhe treguesit krahasues të stabilitetit, likuiditetit dhe performancës afariste në punë vërtetohet gjendja ekonomike dhe financiare në punën e shoqërisë.

Nga programi i dorëzuar për uljen dhe menaxhimin efikas të rrezikut të identifikuar të pastrimit të parave dhe financimit të terrorizmit nr.6-0206-2 datë 27.10.2023 dhe dokumenti i rrezikut nr.6-0206-3 datë 07.11.2023, të sjella nga Shoqëria e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK "APEKS MK" Shkup u konstatua se shoqëria ka paraparë masa dhe veprime për parandalimin e pastrimit të parave dhe financimit të terrorizmit dhe ka kryer vlerësimin e rreziqeve.

Nga vërtetimi i dorëzuar nr.05-057399/23-0002 datë 25.10.2023, i lëshuar nga Drejtoria e Doganave të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe vërtetimi për tatimet dhe kontributet e paguara nr.27-57/5801/2 datë 18.10.2023 i lëshuar nga Drejtoria e të Ardhurave Publike, Drejtoria Rajonale Shkup u konstatua se shoqëria ka paguar detyrimet publike, kontributet dhe detyrimet doganore deri në muajin në të cilin është parashtruar kërkesa për lëshimin e licencës.

Nga procesverbali i dorëzuar nr.2718/01230-1227 dhe aktvendimi nr.2718/01230-1227/2 më datë 09.10.2023, të lëshuara nga Drejtoria e të Ardhurave Publike, Drejtoria Rajonale Shkup u konstatua se hapësira afariste që gjendet në filialin e kazinos "Lluksor" në rr."4" nr.1 Bllacë-Çuçer Sandevë i plotëson kushtet hapësinore dhe tekniko-teknologjike për organizimin e lojërave të fatit në kazino.

Shoqëria tregtare nuk ka llogari transaksioni të bllokuar në bankë në momentin e parashtrimit të kërkesës për lëshimin e licencës për organizimin e lojërave të fatit në kazino, siç theksohet nga të dhënat për pjesëmarrësin në qarkullimin e pagesave

издадена од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

Од доставената потврда бр.1013/68494-2/2023 од 26.10.2023 година издадена од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и декларациите за прием на плати за период од мај до септември 2023 година издадени од Управата за Јавни Приходи, а исплатени преку Универзална Инвестициона банка АД Скопје, се потврди дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето.

Од доставениот извод број 215 за промените и состојбата на сметката 240090001857138 на ден 26/10/2023 година издаден од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, се докажа потеклото на паричните средства кои ќе се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца, односно паричните средства потекнуваат од редовното работење на друштвото.

Потеклото и начинот на стекнување на уделите на сегашните содружници од претходните содружници на друштвото се утврди од следната документација:

Од договорот за основање на ДОО (пречистен текст) од 1.6.2017 година склучен помеѓу сегашните содружници на друштвото ИНТГХ Бетеилигунгс-унд Консултинг ГмбХ, АПЕКС ХОЛДИНГ ГмбХ, Унио Бетеилигунгс ГмбХ Австрија и Друштвото за трговија и услуги КАЛЛ МАКСС ДОО Скопје се утврди дека основната главнина на друштвото изнесува 2.500.000,00 евра, и тоа 1.875.000,00 евра паричен влог и 625.000,00 евра непаричен влог.

Сегашните содружници на друштвото уделите во друштвото ги стекнуваат со пренос на паричниот и непаричниот влог од претходните содружници согласно договори за пренос на удел, видно од следното:

(gjendja aktuale) nga data 27.10.2023, e lëshuar nga ShA "Banka e Investimeve Universale" Shkup.

Nga vërtetimi i dorëzuar me nr.1013/68494-2/2023 datë 26.10.2023, i lëshuar nga ShA "Banka e Investimeve Universale" Shkup dhe deklaratat për pranimin e rrogave për periudhën prej muajit maj deri shtator të vitit 2023, të lëshuara nga Drejtoria e të Hyrave Publike, të paguara përmes ShA "Banka e Investimeve Universale" Shkup u vërtetua se shoqëria tregtare rregullisht i paguan rrogat e të punësuarve në periudhë prej së paku gjashtë muajve para parashtrimit të kërkesës.

Nga certifikata e dorëzuar me numër 215 për ndryshimet dhe gjendjen e llogarisë 240090001857138 më datë 26.10.2023, e lëshuar nga ShA "Banka e Investimeve Universale" Shkup, u konfirmua se origjina e mjeteve që do të paguhen në emër të kompensimit për marrjen e licencës, respektivisht mjetet monetare rezultojnë nga puna e rregullt e shoqërisë.

Origjina dhe mënyra e përvetësimit të pjesëmarrjeve të bashkëpronarëve aktualë nga ato paraprakë të shoqërisë përcaktohet nga dokumentacioni i mëposhtëm:

Nga marrëveshja për themelimin e SHPK-së (tekst i spastruar) datë 01.06.2017, e lidhur në mes të bashkëpronarëve aktualë të shoqërisë "INTGH Beteiligungs-und Consulting GmbH", "APEKS HOLDING GmbH", "Unio Beteiligungs GmbH" Austri dhe Shoqërisë së Tregtisë dhe Shërbimeve SHPK "KALL MAKSS" Shkup, u konstatua se kryegjëja themelore e shoqërisë është 2.500.000,00 euro, edhe atë 1.875.000,00 euro depozitë monetare dhe 625.000,00 euro depozitë jomonetare.

Bashkëpronarët aktualë të shoqërisë, në të i përvetësojnë pjesëmarrjet duke transferuar depozitë monetare dhe jomonetare nga bashkëpronarët paraprakë në përputhje me marrëveshjet e transferimit të pjesëmarrjeve, siç mund të theksohet në vijim:

Од договорите за пренос на удел и извештаите за наплата од странство-обрасци 743, се утврди дека сегашните содружници уделите во друштвото ги стекнуваат согласно договори за пренос на удели од претходните содружници со надоместок и дека дел од надоместоците за преносот на уделите се платени, а дел се дадени на одложено плаќање согласно склучените договори и анекси на договорите.

Nga marrëveshjet për transferimin e pjesëmarrjes dhe raportet e arkëtimit nga jashtë vendit - formularët 743, u konstatua se bashkëpronarët aktualë i përvetësojnë pjesëmarrjet në shoqëri në përputhje me marrëveshjet për transferimin e pjesëmarrjeve nga bashkëpronarët paraprakë me kompensim dhe se një pjesë e kompensimeve për transferimin e pjesëmarrjeve janë paguar, ndërsa një pjesë e tyre jepen për pagesën e prolonguar në përputhje me marrëveshjet e lidhura dhe anekset e marrëveshjeve.

Од извештајот за проценка на вредноста на информатичката опрема-софтвер во Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК“ ДОО Скопје бр.584 од 16.10.2023 година изготвен од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и услуги „ПУМ МИГ“ Здравко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје се утврди дека непаричниот влог во износ од 625.000,00 евра се состои од нематеријално вложување-право внесено од претходниот содружник СОТЕК ДОО, а пренесено на сегашниот содружник ИНТГХ Бетеилигунгс-унд Консултинг ГмбХ согласно договор за пренос на удел.

Nga raporti për vlerësimin e vlerës së pajisjeve-softuerëve informatike në Shoqërinë e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK “APEKS MK” Shkup nr.584 datë 16.10.2023 i përgatitur nga Shoqëria e Prodhimit, Inxhinierisë, Tregtisë dhe Shërbimeve “PUM MIG2 ShPKNjP Zdravko eksport-import Shkup, u konstatua se depozita jomonetare në vlerë prej 625.000,00 euro përbëhet nga e drejta investuese jomateriale e e vendosur nga bashkëpronari paraprak ShPK “SOTEK” dhe i transferuar tek bashkëpronari aktual “INTGH Beteiligungs-und Konsulting GmbH” në përputhje me marrëveshjen e transferimit të pjesëmarrjes

Од одлуката за замена на непаричен основачки влог со паричен од 24.8.2012 година донесена од содружниците ИНТГХ Бетеилигунгс-унд Консултинг ГмбХ, АПЕКС ХОЛДИНГ ГмбХ, Јоханнес ИНГ. ВЕИССЕНГРУБЕР, Унио Бетеилигунгс ГмбХ Австрија и Друштвото за трговија и услуги КАЛЛ МАКСС ДОО Скопје и извештајот за наплата од странство-образец 743 од 31.8.2012 година издаден од Универзална Инвестициона банка АД Скопје се утврди дека содружникот ИНТГХ Бетеилигунгс-унд Консултинг ГмбХ непаричниот основачки влог од 100.000 евра го заменува со паричен влог во износ од 100.000,00 евра и истиот го уплаќа како основачки влог во Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК“ ДОО Скопје. Од одлуката за замена на непаричен основачки влог со паричен од

Nga vendimi për zëvendësimin e depozitës themeluese jomonetare me atë monetare datë 24.08.2012 i sjellë nga bashkëpronarët “INTGH Beteiligungs-und Consulting GmbH”, “APEKS HOLDING GmbH, Johannes ING. VEISSENGRUBER”, “Unio Beteiligungs GmbH” Austri dhe Shoqëria e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK “KALL MAKSS” Shkup dhe raporti i arkëtimit nga jashtë vendit - formulari 743 datë 31.8.2012 i lëshuar nga ShA Banka e Investimeve Universale Shkup, u konstatua se bashkëpronari “INTGH Beteiligungs-und Consulting GmbH”, depozitën themeluese jomonetare prej 100.000 euro e zëvendëson me atë monetare në vlerë prej 100.000,00 euro dhe e paguan atë si depozitë themeluese në Shoqërinë e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK “APEKS MK” Shkup. Nga vendimi për

24.8.2012 година донесена од содружниците ИНТГХ Бетеилигунгс-унд Консултинг ГмбХ, АПЕКС ХОЛДИНГ ГмбХ, Јоханнес ИНГ. ВЕИССЕНГРУБЕР, Унио Бетеилигунгс ГмбХ Австрија и Друштвото за трговија и услуги КАЛЛ МАКСС ДОО Скопје и извештајот за наплата од странство-образец 743 од 30.8.2012 година издаден од Универзална Инвестициона банка АД Скопје се утврди дека содружникот Унио Бетеилигунгс ГмбХ Австрија непаричниот основачки влог од 125.000,00 евра го заменува со паричен влог во износ од 125.000,00 евра и истиот го уплаќа како основачки влог во Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК" ДОО Скопје.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во казино, што произлегува од доставените правила за играта на среќа игри на автомати за игри на среќа бр.1-0101-12 од 27.10.2023 година, правила за играта на среќа игри на електронски рулет бр.1-0101-13 од 27.10.2023 година, правила на игри на маси за жива игра бр.1-0101-14 од 27.10.2023 година и правилник на ЛУКСОР КАЗИНО бр.1-0101-15 од 27.10.2023 година донесени од Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК" ДОО Скопје, кои се во согласност со член 63 ставови (1) и (2) и член 64 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Од доставените уверенија за техничка исправност на 317 автомати за игри на среќа на кои може да учтствува еден учесник, уверение за техничка исправност на 1 автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници (електронски рулет), уверенија за техничка исправност на 7 маси за жива игра со рулет и уверенија за техничка исправност на 8 маси за жива игра со карти издадени од Друштвото за услуги, техничко испитување и

zëvendësimin e depozitës themeluese jomonetare me atë monetare të datës 24.08.2012, i sjellë nga bashkëpronarët "INTGH Beteiligungs-und Konsulting GmbH", "APEKS HOLDING GmbH", "Johannes ING", "VEISSENGRUBER", "Unio Beteiligungs GmbH" Austri dhe Shoqëria e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK "KALL MAKSS" Shkup, si dhe raporti i arkëtimit nga jashtë vendit - formulari 743 më datë 30.08.2012 i lëshuar nga ShA "Banka e Investimeve Universale" Shkup, u konstatua se bashkëpronari "Unio Beteiligungs GmbH" Austri, depozitën themeluese jomonetare prej 125.000,00 euro e zëvendëson me depozitë monetare në vlerë prej 125.000,00 euro dhe e paguan atë si depozitë themeluese në Shoqërinë e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK "APEKS MK" Shkup.

Kërkesa e dorëzuar për marrjen e licencës i referohet organizimit të lojërave të fatit në kazino, e cila rezulton nga rregullat e dorëzuara për lojërat e fatit në automatë nr. 1-0101-12, më datë 27.10.2023, rregullat e lojërave të fatit me ruletë elektronike nr. 1-0101-13, më datë 27.10.2023, rregullat e lojërave live në tavolinë nr.1-0101-14, më datë 27.10.2023 dhe rregulloren e KAZINOS "LLUKSOR" nr.1-0101-15 më datë 27.10.2023, të sjella nga Shoqëria e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK "APEKS MK" Shkup, të cilat janë në përputhje të nenit 63 paragrafët (1) dhe (2) dhe nenit 64 të Ligjit të Lojërave të Fatit dhe Lojërave Argëtuese.

Nga certifikatat e dorëzuara të korrektësisë teknike të 317 automatëve të lojërave të fatit, ku mund të marrë pjesë një pjesëmarrës, certifikata e korrektësisë teknike të 1 automati të lojrave të fatit, ku mund të marrin pjesë disa pjesëmarrës (ruletë elektronike), certifikata e korrektësisë teknike për 7 tavolinat për lojëra live me ruletë dhe certifikata e korrektësisë teknike për 8 tavolinat për lojëra live me letra, të lëshuara nga Shoqëria e Shërbimeve, Ekzaminimeve Teknike dhe Analizave të

анализа на автомати и маси за игри на среќа „НАЦИОНАЛ- ТРЕЈД“ ДООЕЛ Скопје се утврди дека поставените автомати и маси за игри на среќа во казиното се технички исправни за употреба.

Согласно член 66 став (6) од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, така што системот обезбедува точни податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставените известување бр.21-309/2 од 24.1.2024 година доставено од Управата за Јавни приходи, Генерална дирекција Скопје и записник бр.2718/01230-1643/1 од 17.1.2024 година изготвен од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, се утврди дека Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК“ ДОО Скопје има обезбедено надзорен информациски систем и истиот се наоѓа во тест фаза со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК“ ДОО Скопје.

Според член 2 точка 21) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22), игри на среќа во казино се игри на среќа во кои учесниците во игрите на среќа играат против казиното или еден против друг во согласност со меѓународните правила на масите за игра со топчиња, коцки и карти.

Automatëve dhe Tavolinave për Lojërat e Fatit ShPK “NATIONAL-TRADE” Shkup, u konstatua se automatët e vendosura dhe tavolinat e lojërave në kazino janë teknikisht adekuate për t'u shfrytëzuar.

Në bazë të nenit 66 paragrafi (6) të këtij Ligji, kërkuesi për lëshimin e licencës për organizimin e lojërave të fatit në kazino duhet të ketë siguruar sistemin informativ mbikëqyrës përmes të cilit janë të lidhura të gjitha automatët, në mënyrë që sistemi të sigurojë të dhëna të sakta për pagesat e çdo automati që mund të shfaqen në çdo kohë dhe sistemi i tillë duhet të mundësojë lidhjen e tij me sistemin informativ të Drejtorisë së të Hyrave Publike.

Nga njoftimi i dorëzuar nr.21-309/2 i datës 24.01.2024, i dorëzuar nga Drejtoria e të Ardhurave Publike, Drejtoria e Përgjithshme Shkup dhe procesverbali nr.2718/01230-1643/1, më datë 17.01.2024, u konstatua se Shoqëria e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK “APEKS MK” Shkup ka siguruar sistemin informativ mbikëqyrës dhe është në fazë testimi me sistemin informativ të Drejtorisë së të Hyrave Publike

Në bazë të dëshmive të dorëzuara dhe gjendjes faktike të konstatuar, u vlerësua se janë plotësuar kushtet për lëshimin e licencës për organizimin e lojërave të fatit në kazino të Shoqërisë së Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK “APEKS MK”

Sipas nenit 2 pika 21) të Ligjit të Lojërave të Fatit dhe Lojërave Argëtuese, (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.251/22), lojërat e fatit në kazino janë lojëra fati në të cilat pjesëmarrësit në lojërat e fatit luajnë kundër kazinosë ose kundër njëri-tjetrit në përputhje me rregullat ndërkombëtare të lojërave në tavolinë me topa, zare dhe letra.

Согласно член 25 став (1) точка 1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Министерството за финансии постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри.

Според член 58 став (1), лиценцата за приредување на игри на среќа во казино се издава за период од шест години, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 10 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, а во согласност со член 13 став (1) точка 1) од истиот закон, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 58 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино се плаќа надоместок во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата.

Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа не го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна

Në bazë të nenit 25 paragrafi (1) pika 1) të Ligjit të Lojërave të Fatit dhe Lojërave Argëtuese, Ministria e Financave vepron sipas kërkesave të parashtruara për lëshimin e licencave dhe lejeve për organizimin e lojërave të fatit dhe lojërave argëtuese.

Sipas nenit 58 paragrafi (1), licenca për organizimin e lojërave të fatit në kazino lëshohet për periudhë prej gjashtë viteve, prandaj është vendosur si në pikën 1) të dispozitivit të kësaj licence.

Sipas nenit 10 paragrafi (1) të Ligjit të Lojërave të Fatit dhe Lojërave Argëtuese, shoqëria tregtare të cilës i është lëshuar licenca në përputhje me këtë ligj është e detyruar të fillojë organizimin e lojës së fatit në afat prej 15 ditëve nga dita e pranimit të licencës. Në të kundërtën, sipas nenit 13 paragrafi (1) pika 1) të këtij ligji, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut do t'ia revokojë licencën, prandaj u vendos si në pikat 3) dhe 4) të dispozitivit të kësaj licence.

Në bazë të nenit 58 paragrafi (2) të Ligjit të Lojërave të Fatit dhe Lojërave Argëtuese, për marrjen e licencës për organizimin e lojërave të fatit në kazino, paguhet kompensim në vlerë prej 600.000 euro në kundërvlerë në denarë sipas kursit mesatar të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut në ditën e pagesës. Kompensimi i licencës paguhet në atë mënyrë që 50% e kompensimit paguhet gjatë lëshimit të licencës dhe pjesa tjetër prej 50% paguhet në këste të barabarta vjetore për kohëzgjatjen e licencës

Kompensimi prej 50% që paguhet me rastin e lëshimit të licencës, organizatori i lojërave të fatit është i detyruar ta paguajë brenda 15 ditëve nga dita e pranimit të licencës, në të kundërtën do të konsiderohet se licenca nuk është lëshuar fare. Në licencë përcaktohen datat e maturimit të kësteve vjetore për kompensimin në vlerë prej 50%. Nëse organizatori i lojërave të fatit nuk e paguan vlerën e këstit vjetor deri në datën e përcaktuar në përputhje me licencën, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut e revokon licencën. Duke marrë parasysh

Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 61 став (1) приредувачот на игрите на среќа во казино за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казиното, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, поради што се одлучи како во точките 8 и 9 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 66 став (1) и член 94 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во казино приредувачот на игри на среќа плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати и надоместок за рулет маси во износ од 3.000 евра и за други маси во износ од 1.725 евра по маса во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, на месечна основа, поради што се одлучи како во точката 10 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 66 став (8) од законот, приредувачот на игри на среќа во казино, на месечна основа, за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите автомати и исплатениот износ од сите автомати на приредувачот на игрите на среќа во казино, на

dispozitat ligjore të cekura, u vendos si në pikat 5), 6) dhe 7) të dispozitivit të kësaj licence.

Në bazë të nenit 61 paragrafi (1), organizatori i lojërave të fatit në kazino për sigurimin e pagesës së fitimeve të pjesëmarrësve në lojërat e fatit në kazino, për pagesën e detyrimeve publike të përcaktuara me ligj, si dhe për kompensimet dhe detyrimet e veçanta të përcaktuara me këtë ligj është i detyruar të deponojë depozitë ose të sigurojë garanci bankare, në ndonjë bankë me seli në Republikën e Maqedonisë së Veriut, në vlerë prej 300.000 euro në kundërvlerë në denarë me kursin mesatar të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut në ditën e deponimit, gjegjësisht në ditën e lëshimit të garancisë bankare, prandaj u vendos si në pikat 8) dhe 9) të dispozitivit të kësaj licence.

Në bazë të nenit 66 paragrafi (1) dhe nenit 94 paragrafi (1) të Ligjit të Lojërave të Fatit dhe Lojërave Argëtuese, për organizimin e lojërave të fatit në kazino, organizatori i lojërave të fatit paguan kompensim të veçantë në vlerë prej 20%, me ç'rast llogaritet në diferencën ndërmjet vlerës së paguar në të gjitha automatët e atij organizatori dhe vlerës së paguar nga të gjitha automatët, si dhe kompensimit për tavolinat me ruletë në vlerë prej 3.000 eurove dhe për tavolinat e tjera në vlerë prej 1.725 eurove për tavolinë në kundërvlerë me denarë me kursin mesatar të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut në ditën e pagesës, në bazë mujore, prandaj u vendos si në pikën 10) të dispozitivit të kësaj licence.

Sipas nenit 66 paragrafi (8) të ligjit, organizatori i lojërave të fatit në kazino, në bazë mujore, për financimin e mbrojtjes shëndetësore, paguan detyrim të veçantë në vlerë prej 3%, ku llogaritet në diferencën ndërmjet vlerës së paguar nga të gjitha automatët dhe vlerës së paguar nga të gjitha automatët e organizatorit të lojërave të fatit në kazino, në llogari të Ministrisë së Shëndetësisë,

сметка на Министерството за здравство, поради што се одлучи како во точката 11 од диспозитивот на оваа лиценца.

prandaj u vendos si në pikën 11) të dispozitivit të kësaj licence.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 14 од диспозитивот на оваа лиценца.

Sipas nenit 12 të Ligjit, licencat e lëshuara për organizimin e lojërave të fatit publikohen në faqen e Ministrisë së Financave, për këtë arsye u vendos si në pikën 14 të dispozitivit të kësaj licence.

Со оглед на тоа што Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК" ДОО Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за трговија и услуги „АПЕКС МК" ДОО Скопје.

Duke pasur parasysh faktin se Shoqëria e Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK "APEKS MK" Shkup ka dorëzuar dokumentacionin e kompletuar, Ministria e Financave propozon që Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut t'ia lëshojë licencën për organizimin e lojërave të fatit në kazino Shoqërisë së Tregtisë dhe Shërbimeve ShPK "APEKS MK" Shkup.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

UDHËZIM MBI MJETIN JURIDIK: Kundër këtij akti administrativ mund të ngrihet padi për inicimin e kontestit administrativ në Gjykatën Administrative, në afat prej 30 ditëve nga dita e dorëzimit të aktit administrativ te pala.

**Бр/Nr. 41-3157/5**
**3 април/prill 2024 година**
**Скопје/Shkup**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**
**Kryetar i Qeverisë**
**së Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Mr. Talat Xhaferi**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Далибор Станојковски, помлад соработник |
| Проверил: | Никола Пасков, раководител на одделение |
| | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Преведувал: | Gjulten Musliu соработник |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |